СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ЛАЗАР ПЕТРОВ

за Демир Капија



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



**Почитувани сограѓани,**

Изминатите години беа период исполнет со работа, вложување и многубројни предизвици. Имав чест повторно да бидам вашиот глас и вашата сила, да бидам одговорен за развојот на нашата Демир Капија и да ја претворам во општина што секојдневно напредува и се менува на подобро. Денес, кога ја погледнувам целокупната слика на нашата заедница, гледам успешни резултати што ги направивме заедно – модерна инфраструктура, реконструирани училишта и градинки, развиен туризам и средина во која граѓаните се почитувани и слушнати.

Горд сум што успеавме да направиме од Демир Капија препознатлива мала општина што ја следат успех и динамика во развојот. Но знам дека нашата работа не застанува тука. Пред нас се нови можности и нови чекори што треба да ги направиме – чекори што ќе ја унапредат економијата, ќе создадат нови работни места, ќе обезбедат почиста и поуредна животна средина и ќе понудат подобри услови за живот за секое семејство.

Со заедничка енергија, доверба и посветеност можеме да ја изградиме и развиеме Демир Капија во уште поубаво место за живеење, инвестирање и создавање иднина за младите поколенија. Научив многу во изминатите два мандата, како од успесите, така и од грешките и денес сум уште посилен, поискусен и подготвен да продолжиме заедно да реализираме успешни проекти што ќе придонесат нашата Демир Капија да продолжи по патот на напредокот.

**„СО ЗАЕДНИЧКА ЕНЕРГИЈА, ДОВЕРБА И ПОСВЕТЕНОСТ МОЖЕМЕ ДА ЈА ИЗГРАДИМЕ И РАЗВИЕМЕ ДЕМИР КАПИЈА ВО УШТЕ ПОУБАВО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ, ИНВЕСТИРАЊЕ И СОЗДАВАЊЕ ИДНИНА ЗА МЛАДИТЕ ПОКОЛЕНИЈА“**

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Демир Капија

Почитувани наши сограѓани,
Како кандидати за советници стоиме исправено пред вас и ја бараме вашата поддршка, не поради наш личен интерес, туку за сите нас, за нашата Демир Капија, за заеднички да придонесеме за наша подобра иднина. Сведоци сме дека во изминатиот период Демир Капија бележеше напредок на секое поле, се вложуваше во инфраструктура, во спорт, во култура итн. Но секогаш може повеќе, сè уште ни претстои многу работа со која ќе ги подобриме условите за живот во секое населено место. Во иднина ние ќе бидеме вашите претставници, вашиот глас, ние ќе бидеме мостот што поврзува и што гради заедништво меѓу граѓаните и локалната самоуправа. Секој еден граѓанин е важен, секој еден граѓанин заслужува почит, заслужува да биде слушнат, заслужува да биде дел од општественото живеење и дејствување. Затоа сите заеднички да продолжиме по патот на успехот и на просперитетот, да ги довршиме започнатите работи, но и да бидеме креатори на нови успешни приказни што ќе ја направата нашата Демир Капија поубаво место за живеење.

1. Ивана Лазова, р. 1989, СДСМ
2. Димитар Симитчиев, р. 1974, СДСМ
3. Јулија Иванова, р. 1998, СДСМ
4. Соња Симонова, р. 1995, СДСМ
5. Мустафа Смаилов, р. 1979, ТХП
6. Александар Јанев, р. 1994, СДСМ
7. Марија Петревска, р. 1985, СДСМ
8. Орданче Дончев, р. 1998, СДСМ
9. Изабела Ристова, р. 2006, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

Во изминатиот период Општина Демир Капија реализира голем број проекти што значително го подобрија квалитетот на животот на граѓаните. Извршена е реконструкција и изградба на улици, локални и регионални патишта, поставена е нова сообраќајна сигнализација и изградена пешачка патека. Со многубројни инвестиции во водовод и канализација, како и со изградба на нови каптажи и резервоари, обезбедено е поквалитетно и постабилно водоснабдување и современо управување со отпадните води.

Посебно внимание посветивме на урбаното уредување, јавната хигиена и заштитата на животната средина – со набавка на нова комунална механизација, контејнери, уредување на паркови, спортски и рекреативни простори, како и означување и мапирање на планински патеки. Во областа на културата и образованието е извршена реконструкција и модернизација на Домот на култура, музејот на виното, училиштата и градинките.

Со овие вложувања создадовме подобри услови за живеење, почиста и поуредена општина и поголеми можности за спорт, култура, туризам и одржлив развој.

## Патна инфраструктура и улици

- Реконструкција на регионален правец Р29171 и Р29178 – дел од обиколница (l=1.150 m)
- Реконструкција на улица „Јане Сандански"
- Реконструкција на локален пат Демир Капија – Попова Кула
- Реконструкција на улица во с. Чифлик крак 1 и крак 2
- Реконструкција на улица во с. Прждево
- Реконструкција на улица во с. Прждево, крак 2 и крак 3
- Изградба на улици бр.1, бр.2 и бр.3 во с. Бистренци
- Изградба на крак на улица „Партизанска"
- Реконструкција на крак 4 на улица „Партизанска"
- Реконструкција на регионален правец Демир Капија – с. Клисура (l=5.000 m)
- Реконструкција на улица во с. Корешница
- Реконструкција на дел од локален пат с. Корешница – с. Челевец
- Реконструкција на ул. „Кирил и Методиј"
- Реконструкција на пристапен пат до месност Света Петка (l=1.750 m)

- Уредување на пешачка патека – тротоар Демир Капија – Вила Марија (l=705 m)
- Изградба на улица бр.1 и бр.3 во с. Корешница
- Реконструкција на ул. „Борис Кидрич“
- Изградба на ул. бр.3 (од нов мост)
- Реконструкција на улица во с. Корешница
- Реконструкција на пристапен пат до м.в. Кош
- Изградба на клучка за поврзување на обиколница на Демир Капија со автопат



- Асфалтирање на улици од клучката Демир Капија до градскиот плоштад и од детската градинка „Борис Трајковски“ до стариот мост на р. Бошава
- Асфалтирање на улица „Наум Наумовски“ и регионалниот пат
- Поставување сообраќајна сигнализација во Демир Капија и населените места во општината.

## Водовод и канализација

- Реконструкција на атмосферска и фекална канализација на ул. „11-ти Октомври“
- Надградба на колекторски систем (Колектор 1а и 1б)
- Надградба на колекторски систем (Колектор 2)
- Реконструкција на фекална канализација и водоводна линија на ул. „Кирил и Методиј“
- Реконструкција на фекална канализација на крак 4 од ул. „Партизанска“
- Изградба на фекална канализација во с. Чифлик
- Изградба на атмосферска канализација на крак на ул. „Партизанска“
- Изградба на два крака од фекална канализација во с. Чифлик
- Изградба на крак А од фекална канализација во с. Корешница
- Изградба на водовод и канализација во излетничко место Дошница
- Изградба на атмосферска канализација на ул. бр. 3 (од нов мост)
- Изградба на канализација во Демир Капија (ул. „Радњанска“, „Првомајска“ и „Борис Кидрич“)

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Изградба на резервоар за вода (200m³) во с. Корешница
- Изградба на два крака (516 m) од канализацискиот систем во с. Чифлик



## Јавна хигиена и комунални услуги

- Набавка на специјализирано возило за одржување хигиена
- Набавка на 500 пластични канти, 20 поцинковани контејнери, 14 контејнери за пластика и 14 за хартија
- Набавка на комунално возило Mitsubishi за собирање отпад



## Јавно осветлување и енергетика

- Изградба на улично осветлување на ул. „Обиколница“
- Изградба на улично осветлување во парк Демир Капија

## Урбано уредување и паркови

- Партерно уредување во с. Бистренци
- Уредување на простор за спорт и рекреација на ул. „Партизанска“
- Уредување на паркот по крајбрежјето на р. Бошава со пешачки патеки, зелени површини и урбана опрема

## Спорт и рекреација

- Изградба на фудбалско игралиште (I фаза)
- Означување и мапирање на 10 планински велосипедски и пешачки патеки + уредување на качувачки локалитет



## Култура и образование

- Реконструкција на Музеј на виното
- Реновирање на повеќенаменска сала и набавка на музичко-сценска опрема
- Реконструкција и надградба на Домот на културата
- Целосна реконструкција и ставање во употреба на училиштето во с. Прждево
- Адаптација и пренамена на училиште во Центар за ран детски развој / градинка (с. Бистренци)
- Целосна внатрешна реконструкција на Домот на културата и просториите на општината
- Адаптација на простор во детска градинка и набавка на опрема во с. Корешница

## Животна средина

- Реконструкција на каптажа во с. Бесвица
- Изградба на каптажа за дополнително водоснабдување во с. Дрен
- Изградба на водовод и канализација во излетничко место Дошница
- Уредување на паркот по крајбрежјето на р. Бошава (зелени површини, урбана опрема)
- Набавка на контејнери за селекција на отпад
- Екотуристички патеки и качувачки локалитет
- Инсталирање мерни станици за смарт-земјоделство

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто повторно се кандидирате? Што е мотивот?**

Основен мотив за мојата повторна кандидатура е самата Демир Капија, нејзиниот напредок, благосостојбата на нашите граѓани, на моите сограѓани, кои досега ми ја даваа својата поддршка и веруваа во мене. Поминавме долг пат, но имаме уште многу пред нас, многу работи се започнати и треба да се довршат, но многу и допрва ни претстојат, потребно е многу време, работа и труд за да се исцрта една успешна приказна, нашата имаше тежок но успешен почеток, сега е потребно тој успех да продолжиме да го градиме во континуитет.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој.**

**Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Визијата е најважна, таа е темел за успешно градење на иднината, таа е двигател на промените, плановите и проектите што треба да се направат за успешно работење и напредок на општината. Без визија нема иднина, нема напредок, нема патоказ што води до успех.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Со оглед на тоа дека поголем дел од инфраструктурните проекти се завршени во изминатите два мандата, сега останува да се фокусираме на други приоритети, најголем предизвик е да ги задржиме младите, да отвориме нови работни места, да го подобриме животниот стандард.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се нашата иднина, за жал, како и во голем број општини во нашата земја, и кај нас бројот на млади се намалува, но како што веќе напоменав, наша цел е да ги задржиме тие што останаа, бидејќи иако сме мала општина, можеме да се пофалиме со многу талентирани и успешни млади луѓе што ја градат и ја гледаат својата иднина тука на родното огниште. Имаме успешни млади спортисти, млади актери, млади научници итн. Тие се наша гордост и наша иднина и затоа ќе продолжиме да ја поддржуваме нивната работа како и досега.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Демир Капија е мало место во кое сите се познаваме и во голема мера меѓусебно се почитуваме, а тоа е најважно. Досега сме немале поголеми проблеми и нарушена безбедност, па очекувам тоа да продолжи и во иднина.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Од мој аспект, делумно е така, но не треба да биде така по секоја цена, има работи што не смееме да дозволиме да ни се

случуваат, како, на пример уништување на природата и природните убавини, особено не кај нас, бидејќи ние сме општина што изобилува со природа, па затоа сметам дека ни е потребен развој во одредени области од општественото живеење, но како што реков, не по секоја цена.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Во изминатиот период во повеќе наврати презедовме активности за чистење на дивите депонии на територијата на нашата општина. Сметам дека во иднина треба да биде поактивни и да дејствуваме на полето на едукација на населението и подигање на јавната свест за важноста на еколошки чиста и заштитена животна средина ...

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Само доколку сите работиме чесно и посветено и во интерес на граѓаните, без скриени задни намери за лични придобивки и бенефиции, тогаш да, иако за тоа е потребно труд и време, бидејќи веќе е направена голема штета поради која граѓаните немаат доверба во системот. Ние во изминатиот период многу работевме за подобрување и зголемување на транспарентноста, и успеавме во тоа, .....

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Како што веќе напоменав, наш приоритет ќе биде да ги задржиме младите, бидејќи во нив ја гледам нашата иднина, и не само младите, најпрво мора да ги лоцираме факторите што влијаат за иселување на нашите граѓани, а потоа и да ги отстраниме.



- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Длабоко во себе се надевам дека моите сограѓани ме запознаа добро во изминатите осум години, и дека барем малку ја препознаваат или ја искусиле на своја кожа мојата посветеност кон нив и кон Демир Капија, мојата желбата да помогнам на секој еден од нив, иако понекогаш тоа не зависи од мене. Моите сограѓани знаат дека поминавме и добри и тешки времиња во кои јас бев секогаш тука за нив и со нив, знаат дека секогаш се добредојдени кај мене за секој еден проблем, дека се сослушани од мене за секоја нивна идеја или предлог. Секогаш се трудам да се изнајде најдоброто решение за проблемите со кои се соочуваат моите сограѓани.

Токму затоа сметам дека треба и овој пат да ја добијам нивната поддршка и им давам чесен збор дека секогаш ќе бидам тука за нив и никогаш нема да ги изневерам - исто како и досега.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Во Демир Капија секој ден се раѓаат нови можности. Нашата заедница расте и се развива, а со тоа доаѓаат и предизвиците. Но заедно можеме да ги менуваме состојбите – да создадеме место каде што секој граѓанин ќе се чувствува вреднуван, без разлика дали е млад, возрасен или пензионер; дали е жена што се стреми кон својот професионален развој или млад спортист со големи амбиции.

- **Младите – иднината на Демир Капија**

Со нашите политики ќе овозможиме модерно образование и работилници за кодирање, дигитални технологии и претприемаштво. Младинските фестивали и културни настани ќе ги поттикнат да ја покажат својата креативност.

Младите ќе имаат и простор за спорт – од локални турнири до спортски кампови. На овој начин, секое дете, тинејџер или млад возрасен ќе има шанса да учествува, да расте и да се развива во здрава и инспиративна околина.

- **Жените – движечка сила на заедницата**

Жените во Демир Капија заслужуваат можности да ги остварат своите соништа. Со обуки за дигитални вештини, управување со бизнис и лидерство, секоја жена ќе има шанса да ја покаже својата креативност и компетенција.





Нашите културни и уметнички програми ќе создадат простори каде што жените ќе можат да го изразат својот талент и да се поврзат со заедницата. Спортските активности и здравствените програми ќе им помогнат да водат активен и здрав живот. Затоа ние велиме: активни жени – силна заедница!

- **Пензионерите – богатството на искуство**

Нашите постари граѓани се богатство што мора да се вреднува. Со активни програми за социјална вклученост, културни и образовни работилници, како и здравствени активности, пензионерите ќе останат активни, здрави и вклучени во заедницата.

Од креативни работилници и дигитални курсеви, до прошетки и групни активности на отворено – секој пензионер ќе има можност да биде дел од живата, динамична и поддржувачка локална заедница.

- **Лица со попреченост**

Организирање инклузивни образовни работилници

Организирање спортски активности со адаптирана опрема

Формирање совет за инклузија

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Земјоделци**

Формирање советодавен агроцентар за бесплатни совети
Мали општински грантови за набавка на опрема, системи за наводнување, органско производство
Организирање работилници и обуки за одржливо земјоделство
Поддршка при примена на циркуларната економија

- **Домашни производители на вино и ракија**

Создавање простор за промоција, дегустација и изложба на локалните брендови
Создавање вински туристички маршрути
Организирање работилници и обуки за модерно производство и пласман
Организирање вински манифестации
Поддршка при примена на циркуларната економија

- **Дијаспора**

Организирање донаторски културни вечери
Спроведување програма за поврзување со дијаспората

- **Области на акција – од животната средина до транспортот**

Животната средина ќе ја чуваме за идните генерации – со пошумување, чистење на јавни простори и едукативни програми за





деца и млади. Транспортот ќе го направиме поефикасен и еколошки – со велосипедски патеки, пешачки зони и безбедни сообраќајни решенија.

Културата ќе биде достапна за сите – со фестивали, изложби, музички настапи и менторски програми за млади уметници. Спортот ќе биде за сите генерации – од децата, преку возрасните, до пензионерите – сите ќе можат да учествуваат во локални спортски активности и натпревари.

- **Заедничка визија**

Нашата визија е едноставна: Демир Капија каде што секој граѓанин има глас, секоја идеја има простор за развој, а секоја генерација се чувствува поддржана. Со меки политики, конкретни активности и проекти, ние заедно ќе ги менуваме состојбите.

Секоја акција, секој проект и секоја иницијатива се насочени кон подобрување на квалитетот на животот на сите наши граѓани. Заедно можеме да создадеме локална заедница каде што младите ќе останат, жените ќе се развиваат, а постарите ќе бидат активни и вреднувани.

**Заедно ги менуваме состојбите – за секој граѓанин, за секоја генерација, за Демир Капија!**

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Изградба на пречистителна станица за отпадни води – Централно градско подрачје на Демир Капија

Проектот предвидува изградба на современа пречистителна станица за отпадни води што ќе го опфати централното градско подрачје на Демир Капија, каде што отпадните води најчесто доаѓаат од домаќинства, јавни објекти и угостителски капацитети. Предвиден е биолошки третман со МББ-реактори за отстранување органски материи, нутриенти и патогени супстанции. Станицата ќе биде поставена на локација со природен реципиент – реката Бошава. Со оваа инвестиција се обезбедува трајно решение за собирање, третман и испуштање на употребената вода на безбеден начин, со што ќе се заштити животната средина, ќе се унапреди јавното здравје и ќе се создадат предуслови за одржлив туристички и економски развој на општината.

**Влијание на проектот:**
Заштита на реката Бошава, подобро јавно здравје, усогласување со ЕУ-стандарди и зголемена атрактивност за туризам и инвестиции. Подобрена хигиена и животни услови во рурални средини, заштита на Вардар и земјиштето, поттик на агротуризам и одржливо земјоделство.

**Целна група:**
Жителите на централното градско подрачје (~3.500 жители), јавните објекти, угостителските и туристичките капацитети.

**Рок на реализација**
3 години (подготвителна документација, изградба и пуштање во употреба).

**Буџет**
Околу 500.000 – 7.000.000 евра (зависно од финалниот проект).





## Прогласување на Демир Капија и Демиркаписка Клисура за заштитено подрачје

Проектот предвидува заштита на подрачјето на Демиркаписката Клисура и текот на реката Вардар, како и нејзините притоки Бошава, Дошница, Иберлиска Река, Клисурска Река. Целта на овој проект е да се зачуваат и да се заштитат природните убавини на Демиркаписката Клисура и околните реки, како и да се заштити животинскиот и водниот свет на ова подрачје.

**Влијание на проектот:**
Заштита на природата и реките на територија на Општина Демир Капија.

**Целна група:**
Жителите на Општина Демир Капија

**Рок на реализација**
2 години (2025-2027)

**Буџет**
Околу 3.000.000 денари

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба и на автобуска станица во Демир Капија

Проектот предвидува изградба на нова, современа автобуска станица во Општина Демир Капија, со цел да се обезбеди безбеден, функционален и естетски пријатен јавен простор за патниците, туристите и локалната заедница. Со оглед на постојните потреби и растечката побарувачка за јавен превоз, проектот има цел да ги подобри инфраструктурните услови, да ги намали временските и логистичките тешкотии за патниците и да го поддржи развојот на локалната економија.

Автобуската станица ќе биде изградена на локација со лесен пристап од главните сообраќајници, со планирана површина од приближно 1.200 $м^2$, која ќе опфати: чекалници за патници, билетарници, санитарни јазли, паркинг за автобуси и приватни возила, како и зелени површини и амбиентални решенија што ќе го збогатат урбанистичкиот пејзаж на градот.

Проектот ќе вклучува користење современи градежни материјали и енергетски ефикасни технологии со цел да се обезбеди долготрајност и намалување на трошоците за одржување. Освен основната функционалност, проектот предвидува и инфраструктурни решенија за безбедност, како што се видеонадзор, противпожарни системи и соодветно осветлување на јавните простори.

Во текот на подготовката на проектот општината веќе инвестираше во изработка на целосна техничка документација, вклучувајќи архитектонски и градежни планови, како и студија за изводливост. Ова овозможува побрза реализација на проектот и намалување на дополнителните трошоци.

Овој проект претставува стратегиска инвестиција за локалната инфраструктура и транспорт, со долгорочно позитивно влијание врз квалитетот на животот на жителите и туристичката понуда на Демир Капија.



**Влијание на проектот:**

Проектот ќе има директно влијание врз зголемувањето на квалитетот на јавниот превоз, безбедноста на патниците и привлекување повеќе туристи. Ќе се создадат нови работни места во фазата на изградба, како и во текот на експлоатацијата. Со модерната инфраструктура се очекува намалување на сообраќајниот хаос во централното подрачје и зголемена ефикасност на превозот. Дополнително, проектот ќе придонесе за естетско уредување на урбаната средина како место со развиена транспортна инфраструктура.

**Целна група:**

Локални жители што користат јавен превоз.

Туристи што ја посетуваат Демир Капија.

Превозни компании и возачи.

Локални стопанственици и бизниси што се во близина на станицата.

**Рок на реализација**

18 месеци (од почетокот на градежните активности до пуштање во употреба).

**Буџет**

350.000 - 400.000 евра

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Изградба на off-road патека за велосипедисти и мотори – Демир Капија

Проектот предвидува изградба на современа, интерактивна off-road патека за велосипедисти и мотори на територијата на Општина Демир Капија, со интеграција на паметни технологии и екоодржливи решенија. Патеката ќе биде приспособена за различни нивоа на корисници – почетници, среднонапредни и професионални возачи – со што ќе се овозможи безбедно и квалитетно искуство за сите посетители.

Патеката ќе се протега на природниот терен, користејќи го релјефот на Демир Капија за создавање интересни траси со завои, скокови, рампи и мостови, кои ќе обезбедат предизвици и динамика за сите корисници. Дополнително, секоја патека ќе биде означена со интерактивни знаци кои преку QR-кодови ќе овозможуваат дигитална навигација, упатства за безбедност и статистика за возење во реално време.

Проектот вклучува поставување екоосветлување со соларни панели, кое ќе овозможи користење на патеката во вечерни часови без негативно влијание врз животната средина. Истовремено, патеката ќе има паметни системи за следење на густината на корисници и безбедносни аларми, кои ќе обезбедат брза реакција во случај на повреди или незгоди.

За промоција на активностите и зголемување на интересот, ќе се создаде мобилна апликација што ќе овозможува регистрација на учесници, следење резултати, организирање предизвици и натпревари. Апликацијата ќе ја поврзува заедницата на велосипедисти и мотори, поттикнувајќи размена на искуства, обуки и безбедносни работилници.

Проектот предвидува изградба на безбедносни бариери, информативни табли, клупи и сенки за одмор, како и поставување места за одржување на опремата. Дополнително, патеката ќе биде интегрирана со постојните туристички и рекреативни патеки во општината, овозможувајќи создавање мрежа на активности што ја зголемуваат туристичката понуда на регионот.

Едукативниот дел на проектот ќе вклучува работилници за млади за правилно и безбедно користење на патеката, почитување на природата и одрживо користење на ресурсите. Исто така, ќе се реализираат активности за пошумување и зачувување на локалниот екосистем, со што проектот ќе има долгорочно позитивно влијание врз животната средина.

Проектот ќе овозможи организирање на локални и регионални натпревари, натпреварувачки програми и тим-билдинг активности, промовирајќи го Демир Капија како центар за спорт и авантура.





Интерактивните технологии и паметната инфраструктура ќе ја зголемат видливоста на општината и ќе ја позиционираат како иновативна и современа дестинација за спортски и туристички активности.

Со овој проект се очекува да се стимулира локалната економија преку развој на угостителство, сместување, изнајмување опрема и други бизнис-услуги поврзани со туризмот. Долгорочната одржливост се обезбедува преку паметна инфраструктура, редовно одржување и екоосветлување, со минимално влијание врз природната средина.

## Влијание на проектот:

Проектот ќе го зајакне спортскиот, туристичкиот и економскиот развој на Општина Демир Капија. Интеграцијата на паметни технологии ќе обезбеди интерактивно искуство, безбедност и едукативен аспект за корисниците. Патеката ќе привлече локални и странски туристи, ќе ги стимулира младите за спортски активности и ќе создаде можности за организирање натпревари и настани. Долгорочно, проектот ќе ја промовира општината како современа дестинација за авантура, туризам и спорт, со позитивно влијание врз локалната економија и заедницата.

## Целна група:

Млади и возрасни љубители на велосипедизам и мотори

Туристи и рекреативци што бараат авантуристички активности

Локално население што сака да развива спортски навики

Спортски клубови и натпреварувачи

## Рок на реализација

2 години

## Буџет

150.000 - 200.000 евра

# ПРОЕКТИ

## Зголемување на ефикасноста во Јавното комунално претпријатие „Бошава“ – Демир Капија преку производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија

Јавното комунално претпријатие „Бошава“ има клучна улога во обезбедување јавни услуги за граѓаните на Општина Демир Капија, вклучувајќи водоснабдување, управување со отпад и одржување на јавна инфраструктура. Со цел модернизација, зголемување на ефикасноста и намалување на оперативните трошоци, претпријатието планира да воспостави систем за производство на електрична енергија од обновливи извори, пред сè, преку поставување фотоволтаични панели (соларна енергија) и можност за користење мали хидропотенцијали. Овој проект ќе овозможи дел од потребите за електрична енергија на ЈКП „Бошава“ да се обезбедуваат преку сопствено производство.

На тој начин ќе се постигне двоен ефект – намалување на зависноста од традиционални енергетски извори и заштита на животната средина преку искористување на чисти извори на енергија.
Поставувањето фотоволтаични панели ќе биде на покривните површини на објектите со кои располага претпријатието, како и на соодветни локации во близина на каптажите и водните системи. Во рамките на проектот се предвидува и инсталација на паметен систем за следење и управување со произведената енергија, кој ќе обезбеди оптимално користење и интеграција со постојната мрежа.
Оваа инвестиција ќе придонесе за долгорочно намалување на трошоците за електрична енергија, ќе создаде услови за дополнителни приходи преку продажба на вишокот енергија во електроенергетскиот систем и ќе ја зајакне енергетската независност на претпријатието. Дополнително, проектот ќе биде пример за одржливост и ќе придонесе за подигање на јавната свест кај населението за значењето на обновливите извори на енергија.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе има значајно економско, еколошко и социјално влијание. Економски, ќе доведе до намалување на трошоците на ЈКП „Бошава“ и ќе овозможи дополнителни приходи преку продажба на вишокот енергија. Еколошки, ќе придонесе кон намалување на емисиите на јаглерод диоксид и ќе помогне во заштитата на животната средина преку користење чисти извори на енергија. Социјално, ќе ја зголеми енергетската стабилност и довербата на граѓаните во претпријатието, а истовремено ќе создаде позитивен пример за другите јавни институции и приватниот сектор. Проектот ќе стимулира и развој на локалната економија преку ангажирање домашни компании за изведба и одржување на системот.

**Целна група:**

Жителите на Општина Демир Капија
Локални бизниси и институции што ќе добијат пример за примена на обновливи извори на енергија

**Рок на реализација** 2 години
**Буџет** 230.000 - 250.000 евра

## Уредување на крајбрежјето на р. Бошава – Рекреативна и зелена зона за граѓаните

Проектот предвидува уредување на крајбрежјето на реката Бошава со цел создавање современа и пријатна рекреативна зона за сите граѓани на општината. Со овој проект се предвидува развој на патеки за пешачење и велосипедизам, поставување урбана опрема како клупи, канти за отпад, дрвени и метални содржини за одмор и рекреација, како и осветлување за безбедност на посетителите. Исто така, проектот ќе вклучува озеленување на просторот со садење на дрвја, грмушки и сезонско цвеќе, со што ќе се подобри квалитетот на воздухот и естетскиот изглед на крајбрежјето.

Акцентот е ставен на создавање безбеден и достапен простор за сите возрасни групи, вклучувајќи семејства со деца, младите и постарите граѓани, како и посебни патеки за велосипедисти и пешаци. Проектот ќе ја промовира физичката активност и здравиот начин на живот, а истовремено ќе ја подобри туристичката привлечност на регионот.

Активностите вклучуваат: изработка на инфраструктура (патеки, платформи, огради), поставување урбана опрема (клупи, канти за отпад, клупи за велосипедисти), озеленување на крајбрежјето и редовно одржување на просторот. Се предвидува и информациска кампања за граѓаните за правилно користење на рекреативната зона и нејзино одржување.

Проектот ќе се реализира преку комбинација на финансирање од локални економски развојни програми, национални владини програми и европски фондови, со можност за вклучување на приватни спонзори за дополнителни активности и инфраструктура.

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе има позитивно влијание врз квалитетот на животот на граѓаните, создавајќи безбеден и пријатен простор за рекреација, физичка активност и социјализација. Преку уредувањето на крајбрежјето ќе се зголеми еколошката свест и одговорност кон природата, а истовремено ќе се подобри туристичката атрактивност на општината. Зеленилото и урбаната опрема ќе придонесат за естетско подобрување на јавниот простор, додека патеките за пешачење и велосипедизам ќе ги поттикнат здравите навики кај различните возрасни групи.

**Целна група:**

Локални жители на сите возрасти

Млади и спортски активности

Туристи и посетители на општината

Семејства со деца и постари лица

**Рок на реализација**

15 месеци (од почетокот на изградбата до целосна функционалност)

**Буџет**

150.000 евра

# ПРОЕКТИ

## Дневен центар за стари лица

Проектот има цел да обезбеди поддршка и подобрување на квалитетот на животот кај повозрасните лица од Општина Демир Капија и околните села. Со оглед на зголемената потреба од социјална, здравствена и психосоцијална поддршка кај постарата популација, проектот предвидува отворање дневен центар што ќе обезбеди сигурно, пријатно и инклузивно опкружување за корисниците.

Центарот ќе нуди дневен престој за стари лица, здравствена контрола и основни медицински услуги во соработка со локалниот здравствен дом. Освен тоа, ќе се обезбедуваат оброци приспособени кон потребите на повозрасните лица, како и организирани социјални активности за одржување на менталната и физичката активност. Психосоцијалната поддршка ќе вклучува групни разговори, индивидуални консултации и едукативни работилници за справување со стареењето, осаменоста и стресот.

Центарот ќе биде сместен во приспособена општинска зграда или дел од здравствениот дом, со пристап за лица со ограничена мобилност. Во рамките на проектот ќе се обезбеди и обука за персоналот за работа со повозрасни лица, како и волонтерски програми за младите од локалната заедница, со што ќе се поттикне меѓугенерациска солидарност.

Проектот ќе биде поддржан од Министерството за труд и социјална политика, UNDP и делумно од локалниот буџет, со што се обезбедува одржливост и континуитет на услугите. Очекувано е проектот да овозможи подобрување на здравствената состојба, социјалната интеграција и психолошката благосостојба на повозрасните граѓани.

### Влијание на проектот:

Проектот ќе има значително позитивно влијание врз квалитетот на животот на 65–70 стари лица од градот и околните села. Тој ќе обезбеди редовна здравствена контрола, редовни оброци и можности за социјални активности, што ќе ја намали осаменоста и депресивните симптоми. Преку психосоцијална поддршка и групни активности, корисниците ќе се чувствуваат почитувани, вклучени и поддржани во секојдневниот живот. Дополнително, проектот ќе ја зголеми свеста на локалната заедница за потребите на повозрасните лица и ќе поттикне волонтерски активности и меѓугенерациска солидарност.

### Целна група:

Повозрасни лица од општина Демир Капија и околните села, главно над 65 години, кои се социјално или здравствено ранливи.

**Рок на реализација** 2 години
**Буџет** 200.000 - 300.000 евра



# ПРОЕКТИ

## Програма за детска инклузија и поддршка на семејства во социјален ризик

Проектот има цел да обезбеди предучилишна едукација, здравствена и психосоцијална грижа за деца од семејства што се наоѓаат во социјален ризик. Се планира воведување сеопфатна програма што ќе овозможи детската инклузија и поддршка на родителите, со посебен акцент на децата од ранливи категории, вклучувајќи ги сиромашните семејства, семејствата со еден родител и семејствата со повеќе деца.

Програмата ќе вклучува обезбедување бесплатна и нутритивно-балансирана храна, училишен прибор, облека и основни потреби за учење, со цел да се намалат пречките за редовно присуство и учество во предучилишното образование. Дополнително, ќе се воведат индивидуални менторски сесии за деца, како и психосоцијална поддршка преку групни активности и работилници за социјални вештини, со што ќе се промовира самодоверба, развој на комуникациски и когнитивни вештини, како и превенција на дискриминација и стигма.

Семејствата ќе бидат вклучени преку обуки за родителство, финансиска и здравствена едукација, како и советувања со социјални работници и психолог, со цел да се овозможи стабилна поддршка и одржливост на детскиот развој и благосостојба. Овој проект исто така предвидува периодични евалуации и мониторинг на напредокот на децата, со цел оптимизација на мерките и приспособување на програмата според индивидуалните потреби.

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе овозможи директно зголемување на пристапот до образовни и здравствени услуги за децата од социјално загрозени семејства, намалување на ризикот од напуштање на образованието и поддршка на психосоцијалниот развој. Родителите ќе добијат алатки за подобро управување со семејните ресурси и грижа за децата, што ќе придонесе за стабилизирање на социјалната средина. Со овие мерки се очекува долгогодишно позитивно влијание врз развојот на децата, нивната инклузија во заедницата, намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, како и поттикнување активна родителска улога во развојот на детето

**Целна група:**

50+ деца од семејства во социјален ризик и нивните родители или старатели.

**Рок на реализација** 1 година

## Реконструкција и асфалтирање на локални патишта во села и индустриски зони на Општина Демир Капија

Проектот „Реконструкција и асфалтирање на локални патишта" има цел значително да ја подобри пристапноста до селата и индустриските зони на Општина Демир Капија. Моменталната состојба на патиштата до селата Челевец, Клисура, Прждево и Корешница е незадоволителна и го отежнува транспортот на земјоделски производи, како и пристапот до индустриските капацитети и туристички точки. Со реализацијата на овој проект, патната инфраструктура ќе се реконструира, ќе се асфалтираат критичните делови и ќе се изведат неопходни технички зајакнувања на патната конструкција за безбедно и непречено сообраќање. Проектот е замислен да се спроведе во фази, при што приоритет ќе добијат патиштата со најголем интензитет на сообраќај и најлоша моментална состојба. Асфалтирањето на локалните патишта ќе овозможи подобра поврзаност на селата со централното градско подрачје, ќе ја олесни транспортната логистика за земјоделските производители, ќе ја зголеми економската активност во индустриските зони и ќе ја подобри достапноста на туристичките атракции во општината. Дополнително, проектот ќе придонесе за зголемување на безбедноста на учесниците во сообраќајот, намалување на трошоците за одржување на возилата и ќе создаде услови за долгорочен локален развој. Патната инфраструктура е клучна за економскиот развој на општината, а реконструкцијата и асфалтирањето на локалните патишта ќе создаде услови за побрзо и поефикасно поврзување на сите делови на територијата на општината, што ќе има позитивен ефект врз транспортот, земјоделството и туризмот.

### Влијание на проектот:

Реконструкцијата и асфалтирањето на локалните патишта ќе го олесни пристапот до селата и индустриските зони, што директно ќе влијае врз економскиот развој и социјалната поврзаност. Подобрената патна инфраструктура ќе овозможи побрз и поефикасен транспорт на земјоделски производи и индустриски суровини, ќе ги зголеми туристичките активности и ќе ја намали сообраќајната несигурност. Долгорочно, проектот ќе придонесе за зголемување на локалната економска активност, подобрување на квалитетот на животот на жителите и поголема привлечност на општината за инвестиции.

### Целна група:

Жителите на селата Челевец, Клисура, Прждево и Корешница, Локални земјоделци и производители, Индустриски субјекти и инвеститори во индустриските зони, Туристи и посетители на општината

### Рок на реализација

Фазно, во период од 24 месеци (2 години), со приоритет на критичните делници

### Буџет

Вкупно ~ 300.000 € (фазно)

# ПРОЕКТИ

## Паметен систем за видеонадзор и заштита на јавен простор на територијата на Општина Демир Капија

Проектот предвидува воспоставување современ систем за видеонадзор што ќе обезбеди зголемена безбедност и заштита на јавните простори, урбаната опрема и инфраструктурата во Општина Демир Капија. Со поставување мрежа од висококвалитетни камери на одредени локации – во централното градско подрачје, паркови, детски игралишта, плоштадот, јавните установи, како и на главните сообраќајници и влезно-излезните точки на општината – ќе се овозможи целосна покриеност на најфреквентните места.

Главната цел на проектот е да се минимизираат ризиците од вандализам, уништување на јавен имот и криминални активности, но и да се подигне нивото на јавната безбедност и квалитетот на животот на граѓаните. Видеонадзорот ќе има превентивна функција, бидејќи присуството на камери влијае одбивно, но и контролна функција – обезбедувајќи можност за анализа на снимките и утврдување одговорност при евентуални инциденти.

Во рамките на проектот е предвидено воспоставување централен командан центар, каде што ќе се следат сите камери во реално време. Системот ќе биде интегриран со можност за складирање и архивирање на видеоматеријали, соодветно на законските регулативи за заштита на личните податоци. Исто така, ќе се овозможи техничка надградба во иднина – како вмрежување со системи за паметен сообраќај или алармни системи.

Проектот директно ќе придонесе за зачувување на јавниот имот, намалување на трошоците за поправки и реконструкции, зголемена доверба кај граѓаните и подигнување на нивото на јавна безбедност. Дополнително, преку статистички податоци за сообраќајот и движењето во јавните простори ќе се овозможи подобро планирање на идни инфраструктурни инвестиции.

### Влијание на проектот:

Воспоставувањето систем за видеонадзор ќе има значаен позитивен ефект врз заштитата на јавниот ред и мир, како и врз зачувувањето на урбаната опрема и инфраструктурата. Со тоа, ќе се намали бројот на вандалски акти и кривични дела, а граѓаните ќе добијат чувство на зголемена сигурност. Проектот ќе придонесе за поефикасна работа на општинските служби и полицијата, преку навремено откривање и документирање инциденти. Дополнително, системот ќе создаде база на податоци корисна за планирање урбан развој, сообраќајни решенија и идни инвестиции, што долгорочно ќе ја подобри квалитетот на животот во општината.

### Целна група:

Жители на Општина Демир Капија; Посетители и туристи; Општинската администрација; Надлежни институции за јавна безбедност.

**Рок на реализација** 12 месеци
**Буџет** 1.500.000

## Адаптација на објект „Младински креативен центар – Демир Капија“

Проектот „Младински креативен центар – Демир Капија“ ја адаптира напуштената зграда на Македонски железници во модерен простор за младите, со технологија, мебел и пристапност, обезбедувајќи едукација, креативни работилници, културни настани и поддршка за иновативни идеи.

### Влијание на проектот:

Младински креативен центар ќе ги вклучи младите во културни и едукативни активности и ќе поддржува локални бизниси.

### Целна група:

Локални жители на Демир Капија, посетители и туристи, локални институции и бизниси

### Рок на реализација

2026 - 2027

### Буџет

9.100.000,00 денари

## Изградба на јавен паркинг

Проектот „Изградба на јавен паркинг“ создава функционален и безбеден простор на околу 3.000 $м^2$ за паркирање автомобили во централното подрачје на Демир Капија. Планирани се асфалтирани површини, ознаки за паркинг-места, пристапни патеки и осветлување за подобрување на сообраќајната инфраструктура и удобноста на граѓаните.

### Влијание на проектот:

Проектот ја подобрува сообраќајната инфраструктура и обезбедува организиран и безбеден простор за паркирање.

### Целна група:

Локални жители, туристи и посетители, бизниси и јавни институции

### Рок на реализација

2027

### Буџет

3.000.000,00 денари



**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ

## Партерно уредување на Долината на кактусите



Проектот „Партерно уредување на Долината на кактусите" има цел создавање уреден, зелен и атрактивен простор за рекреација и одмор. Ќе се постават патеки, клупи, декоративни елементи и осветлување, со што ќе се подобри визуелниот изглед, пристапноста и квалитетот на јавниот простор, поттикнувајќи посети и рекреативни активности.

### Влијание на проектот:

Проектот создава атрактивен, зелен и пристапен простор за рекреација, одмор и туристички посети.

### Целна група:

Локални жители, туристи и посетители, рекреативци, научници, екоентузијасти и љубители на природата

### Рок на реализација

2027

### Буџет

7.000.000,00 денари



# Изградба на рекреативен парк во с. Корешница

Проектот „Рекреативен парк во с. Корешница" создава безбеден и модерен простор на 3.000 м² со детски реквизити, фонтана, клупи и патеки, за игра, рекреација и социјализација на сите возрасти.

## Влијание на проектот:

Проектот создава безбеден и модерен простор за рекреација, игра и социјализација, подобрувајќи го здравјето и квалитетот на животот

## Целна група:

Деца и млади, семејства, возрасни и пензионери, туристи и посетители

## Рок на реализација

2026

## Буџет

4.000.000,00 денари

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## Центар

1. Изградба на атмосферска канализација (цела Демир Капија да биде опфатена)
2. Изградба на пристапни рампи на сите јавни површини и во јавните институции
3. Санација на сите оштетени улици
4. Довршување на проектот за училишна кантина
5. Поставување сензорна соба во основното училиште
6. Реконструкција на училишното спортско игралиште
7. Набавка на опрема за кинопроекции
8. Изградба на јавни тоалети
9. Изградба на авантуристички парк
10. Доизградба на фудбалското игралиште во Демир Капија
11. Поставување фитнес-опрема во паркот
12. Поставување соларни панели на сите јавни институции

## Специјален завод

1. Замена на секундарна мрежа на водоводниот систем на сите улици вкрстени со ул. „Партизанска"
2. Изградба на тротоари на ул. „Партизанска"
3. Реконструкција на ул. „Димитар Влахов" и „4 Јули"
4. Изградба на Дом за стари лица

## Пиперана

1. Изградба на тротоари на ул. „Првомајска"
2. Реконструкција на ул. „Радњанска"

## Корешница

1. Реконструкција на улици
2. Подобрување на водоснабдување
3. Реконструкција на селска чешма
4. Изградба на рекреативен парк за деца
5. Реконструкција на училишно спортско игралиште и фудбалско игралиште

## Бистренци

1. Реконструкција на улици
2. Подобрување на водоснабдувањето
3. Уредување на постоен спортски терен

## Прждево

1. Фекална канализација со пречистителна станица во с. Прждево
2. Реконструкција на улици
3. Подобрување на водоснабдувањето

## Чифлик

1. Уредување на просторот кај споменикот
2. Доизградба на канализациска мрежа

## Челавец

1. Реконструкција на локален пат

## Дрен

1. Подобрување на водоснабдувањето
2. Фекална канализација
3. Реконструкција на улици

## Бесвица

1. Подобрување на водоснабдувањето

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА